Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот MAPC на Европската

унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува

изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со изградбата на објекти со намена отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

- На просторот со намена стоваришта, складови и отпади, КО Неготино, Општина Неготино, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.
- На просторот со намена стоваришта, складови и отпади, КО Неготино, Општина Неготино, ќе има и негативни влијанија врз животната средина, во текот на подготвителните активности заради реализацијата на земјените работи и употреба на градежна механизација. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Планскиот опфат нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот со намена стоваришта, складови и отпади, КО Неготино, Општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на планската документација или при

уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.

- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена стоваришта, складови и отпади, КО Неготино, Општина Неготино, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- ‡ државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- ‡ енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- ‡ градежните објекти важни за Државата;
- ‡ капацитетите на туристичката понуда;
- ‡ стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- ‡ капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- ‡ намената и користењето на површините;
- ‡ мрежата на инфраструктура;
- ‡ мрежата на населби;
- ‡ заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- ‡ Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- ‡ Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- ‡ Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- ‡ Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино. Површината на планскиот опфат изнесува 0,21 ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, обработени во "Просторниот план на Република Македонија".

При изработката на документацијата за предметниот простор, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за економските дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.
- **Реализацијата на документацијата со намена стоваришта, складови и отпади во КО Неготино, Општина Неготино, ќе оствари удел во развојот на економските активности во локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.**
- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**

- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Обезбедувањето на потребните количини на вода за стоваришта, складовите и отпадите, да се одвива во насока на: синхронизирана изградба на водостопанските објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода, спречување парцијални решенија кои ќе го оневозможуваат развојот на нови водостопански решенија и рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;
- Околу изворникот за водоснабдување да се дефинираат заштитни зони и режим на заштита во зоните (доколку за водоснабување се користи независен изворник, односно објектите не се приклучат на водоснабдителната мрежа на градот Неготино);
- Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на експлоатацијата да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со ќе се дефинира капацитетот и квалитетот на водата;
- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно нивниот квалитет да биде доведен во согласност со „Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".
- За наводнување на обработливите површини во ВП „Среден Вардар" изградени се системите за наводнување кои покриваат површина од 4.390 ха., а постојат можности за наводнување на уште 15.203 ха. При изработката на документацијата да се утврди местоположбата на постоечките и планираните системи за наводнување и соодветно на тоа да се превземат мерки за нивна заштита и непречено функционирање.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Локацијата е наменета за стоваришта, складови и отпади во КО Неготино, Општина Неготино нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.**
- За новопредвидените градби потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Планскиот опфат наменет за стоваришта, складови и отпади во КО Неготино, Општина Неготино, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Домување

- **Планскиот опфат наменет за стоваришта, складови и отпади во КО Неготино, Општина Неготино,** го подржува концептот, кој нуди квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Јавни функции

- **Планскиот опфат наменет за стоваришта, складови и отпади во КО Неготино, Општина Неготино,** е во функција на развој на стопанството и е надвор од урбаниот опфат на најблиските населби така да **нема препораки за организација на друг тип јавни функциина на неа, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции**.

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
- **А1 (М-1)** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-**Велес**-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:**
- **Р1103** - (Лакавица-врска со А4-Неготино-Кавадарци-Дреново-врска со Р1101).
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија” број: 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата наменети за стоваришта, складови и отпади, КО Неготино, Општина Неготино, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена стоваришта, складови и отпади, КО Неготино, Општина Неготино, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на објектите со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.

Заштита на природно наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот со намена стоваришта, складови и отпади, КО Неготино, Општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Неготино има еден регистриран со Решение недвижен споменик на културата, евидентирани недвижни споменииици на културата и археолошки локалитети
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Средно - Вардарски туристички регион со утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува Транзитен туристички коридор.
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната**

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изградба на стоваришта, складови и отпади во КО Неготино, Општина Неготино се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.**
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена стоваришта, складови и отпади, КО Неготино, Општина Неготино, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар

Образование
Средно Вишо Високо

Здравствена заштита
2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој
источна
јужна
север-југ
северна
западна

Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



РЕШЕНИЕ ЗА
УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Арх.бр. УП1-15 908/2023

Дата 27-04-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Неготино, се издаваат **Услови за планирање на просторот** со намена стоваришта, **складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина** Неготино. Површината на планскиот опфат изнесува 0,21 ha.

Видот на планската документација **да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање**.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y40322** се составен дел на Решението.

3. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиште. **Планскиот опфат зафаќа земјиште од 3-та бонитетна класа.**

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при намена стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1 во КО Неготино, Општина Неготино е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесување на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација со намена за стоваришта, складови и отпади, на дел од КП 3927/1 во КО Неготино, Општина Неготино задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Неготино, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку електронскиот систем е-урбанизам, со број на постапка УПП 45345 од 23.08.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот, за издавање на Услови за планирање на просторот со намена стоваришта, складови и отпади, на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино. Површината на планскиот опфат изнесува 0,21 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена стоваришта, складови и отпади, на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 908/2023 од 20.04.2023 година.

Условите за планирање на просторот со намена стоваришта, складови и отпади, на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот со намена стоваришта, складови и отпади, на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино** и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Јована Шукова

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје Shkup MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 401
www.moepp.gov.mk

ГРАФИЧКИ ДЕЛ



СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

РАЗМЕР 1 : 500

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

КО Неготино кп.бр. 3895/1, 3890/4дел и 3890/1дел

- оптат
- граница на катастарска парцела
- состојба од терен - асфалтен пат
- бразда
- изокиписа 0.5 м — 171.02 надморска висина
- изокиписа 1 м — 46 број на дет. точка
- изокиписа 5 м — 3890/1 број на катастарска парцела

ГЕО ТОПОКАТ доо Подружница Неготино

изработил, Доне Ѓорѓиев овластен геодет

0 10 20 40 100

М=1:500

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ

П А Р А М Е Т А Р

лиценца бр.0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ „ПАРАМЕТАР“ ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачатели:
ЈОРДАН ДИМОВСКИ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ д.и.а.

соработници:
ИГОР СУГАРЧЕВ диа
ТИЈАНА СТОЈКОВСКА миа
САШО АНДРИЈЕВСКИ миа
ДИМИТАР СТЕФАНОВСКИ миа

Ажурирана геодетска подлога

управител: МЕТОДИ ХАЏИ-АНДОВ

тех. број
04-122/2022

РАЗМЕР: 1:500 ДАТУМ:
СКОПЈЕ, АВГУСТ 2023

лист број
1

РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Република Северна Македонија
Општина Неготино
Градоначалник

Број: 11-230/2
Дата: 08.04.2024 год.

ОПШТИНА НЕГОТИНО

Аџо Аџи Илов,бр.2
1440Неготино
Република Северна Македонија

Тел. (043) 361-045
Фак.(043) 361 933

www.negotino.gov.mk
info@negotino.gov.mk

Градоначалникот на општина Неготино, решавајќи по доставениот предлог од страна на комисијата за урбанизам на општина Неготино, за издавање на Решение за одобрување на **(ПП 54705) Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-122/2022 од август, 2023 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје, а врз основа на член 44 став 7 од (Службен весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), го донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-122/2022 од август, 2023 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

Составен дел на ова Решение е **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-122/2022 од август, 2023 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за урбанизам на општина Неготино до градоначалникот на општина Неготино, поднесе предлог број 11-230/1 од 03.04.2024 година за издавање на решение за одобрување на **Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино** со тех. бр. 04-122/2022 од август, 2023 год, изработена од „ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје со комплетна документација:

1. Услови за планирање на просторот, бр.У40322, од ноември 2022 год. од Агенција за планирање на просторот;
2. Решение за услови за планирање на просторот УП1-15 908/2023 од 27.04.2023 од Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање;

3. Извод од ГУП за град Неготино, донесен со одлука бр. 08-562/3 од 06.11.2020, УП 11-226 од 05.07.2022 година;
4. Решение за формирање на комисија за урбанизам, бр. 09-520/1 од 20.07.2022 год.;
5. Геодетски елаборат за ажурирана подлога бр. 0801-9/3 од 30.05.2023 година од „ГЕО ТОПО КАТ" ДОО Подружница Неготино;
6. Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП 1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино со тех. бр. 04-122/2022 од август, 2023 год. изработена од ,,ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ Скопје.

Врз основа на гореизнесеното, Градоначалникот на општина Неготино одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба преку општина Неготино, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Општина Неготино
Градоначалник
Горан Стојанов

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино

ОПШТИНА НЕГОТИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y40322

Скопје, ноември 2022

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино

ОПШТИНА НЕГОТИНО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Неготино

Тех. бр. Y40322

Раководител на задачата:
Владимир Кузмановски, д.ек

Раководител на сектор за просторно планирање:
д-р Душица Трпчевска Анѓелковиќ, д.и.а.

Агенција за планирање на просторот

Директор

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, ноември 2022

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино

ОПШТИНА НЕГОТИНО

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот**, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови

на подрачја од посебен интерес, просторен план на Општина, на општините во градот Скопје и на градот Скопје, како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **решение за услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај, Условите за планирање на просторот се наменети за стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, КО Неготино, Општина Неготино. Површината на планскиот опфат изнесува 0,21 ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји**. Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локациските, техничко-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување**. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење**, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се важен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Условите за планирање на просторот во КО Неготино, Општина Неготино.

Предметната локација се наѓа западно од населено место Неготино на надморска височина од 170 м.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,3°C; највисока просечна месечна температура – јули 24,3°C и август 23,8°C; најниска просечна месечна температура - јануари 1,3°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда 59,5°C, односно апсолутна максимална температура 42°C и апсолутна минимална температура -17,5°C.

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи – 437mm, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2mm - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5mm - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум – 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден просечно годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките север 145‰ просечна брзина 2,0m/sek максимална јачина 10 бофори и северозапад 118‰ максимална јачина 10 бофори, просечна брзина 2,1m/sek.. Во пределот најголеми се тишините кои изнесуваат 477‰

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на

дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е **Градот Неготино со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.**

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор припаѓа планскиот опфат за кој се наменети Условите за планирање е развојната оска "Север-југ" која минува по средината на територијата на земјата, следејќи го од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и**

создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на документацијата со намена стоваришта, складови и отпади во КО Неготино, Општина Неготино, ќе оствари удел во развојот на економските активности во локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино согласно добиените Услови за планирање на просторот на дел од КП3927/1, КО Неготино, Општина Неготино, се изработува врз основа на Условите за планирање, просторните можности на локацијата, постојната состојба, ажурираната геодетска подлога, проектната програма, податоците и информациите од органите на државната управа и другите субјекти, како и потребите на нарачателот. Изготвувањето на планот се врши во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ “бр.32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Цел на Урбанистичкиот проект е урбанизација на конкретниот проектен опфат со дефинирање на граница на градежна парцела, дефинирање на класа на намена и површина за градење, како и дефинирање на сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри според Правилникот за урбанистичко планирање.

Површина 2139,97 м^2

X	Y
7590172.8431	4593924.523
7590240.82	4593986.6
7590243.39	4593984.31
7590251.33	4593976.83
7590257.1	4593968.24
7590259.0798	4593963.8801
7590184.3095	4593911.9557
7590173.7438	4593923.4938

Граници на проектниот опфат се:

- на североисток КП 4209, КП 9569
- на југоисток низ КП 3927/1
- на југозапад низ КП 3927/1
- на северозапад КП 3926

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ ЗА УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ОПРЕДЕЛЕНА СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ, НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ДР.

- Урбанистичко проектно решение на намена на површина на проектен опфат, намена на површина за градење, градежна парцела, регулаторни и градежни линии

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино сообласно добиените Услови за планирање на просторот на дел од КП3927/1, КО Неготино, Општина Неготино, е на една катастарска парцела на која ќе се формира една градежна парцела.

Теренот е со пад од северо-запад кон југо-исток. Пристап до проектниот опфат да се обезбеди од новопроектиран асфалтиран пат на југо-западната страна, обезбеден со **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р 1103), КО Неготино, Општина Неготино**. Површината на проектниот опфат изнесува 0,21 ha.

Со урбанистичкиот проект се дефинира граница на градежната парцела, како и сите урбанистички, архитектонски и комунални параметри за изградба на објекти според дефинираната намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади. Дефинирана е една градежна парцела, чии граници се детално прикажани во графичките прилози. Урбанистичките параметри се прикажани табеларно. Дозволената максимална висина на градбите се дефинира на 10 метри од кота на заштитен тротоар. Формирана е површина за градење чија градежна линија е на работ на северната страна на опфатот, од источна и западна страна дефинирана на растојание од 10м, додека на јужната на растојание од 12м. Со општите и посебни услови за градење се дефинираат конкретните услови за градење во рамките на предвидените градежни парцели.

- Урбанистичко проектно решение на намена на земјиште за општа употреба

Пристапната улица е поставена на југо-западниот дел од градежната парцела, со цел да се овозможи колски пристап до објектот, додека влезот во локацијата е исто така од југо-западната страна, од новопроектираниот пат, дефиниран според **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна**

градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р 1103), КО Неготино, Општина Неготино.

- Урбанистичко проектно решение на комунална инфраструктура

Водоводна инсталација - Планирана

Во рамки на проектниот опфат не постои изведен водовод. Водоснабдувањето на локалитетот ќе реши со изградба на водовод со приклучок на градската водовона мрежа.

Фекална канализација - Планирана

Фекалните води од објектот се предвидува да се одводнат преку предвидена фекална канализација која ќе се вклучи во предвидена фекална мрежа. Канализационата мрежа треба да биде усогласена со содржината на објектите, дадени со урбанистичкиот проект. Димензионирањето на внатрешната канализациона мрежа ќе се изврши со Основниот проект.

Електро-енергетска и телекомуникациска мрежа

За конкретните услови за обезбедување приклучок на електричната мрежа на новопредвидените објекти, ќе биде неопходно да се добие посебна електро-енергетска согласност од надлежното претпријатие. Приклучокот на телекомуникациска инфраструктура ќе се изврши врз основа на условите кои ќе бидат издадени од надлежното претпријатие.

- **Урбанистичко проектно решение на сообраќајно решение**

Во однос на сообраќајното решение показателите ја потврдуваат добрата поставеност на локацијата во однос на сообраќајните правци и текови во Р.Македонија.

Врската до градежнита парцела која е предмет на разработка на оваа урбанистичка документација е овозможена преку новопроектирана пристапна улица.

Паркирањето и гаражирањето во проектниот опфат ќе се одвива во парцелите согласно чл.134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот.

3. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1 Општи услови за градење

Регулациона линија е граница меѓу градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели, наменети за поединечна употреба. Регулационата линија е линија која разграничува јавно од приватно земјиште, во овој случај ги разграничува градежните парцели од пристапната улица.

Во графичките прилози означена е регулационата линија со детално котирање на растојанија до градежните линии.

Граница на градежна парцела е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела е основна, најмала и неделива единица на градежното земјиште која во урбанистичкото планирање претставува најмала површинска единица за планирање на просторот во која се врши деталната агрегација на податоците, урбанистичките параметри и планските одредби од урбанистичкиот план.

Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирањето на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

Површините за градење се во корелација со градежните линии и се дефинираат со овој урбанистички проект за секоја градба посебно, во рамките на дозволените Коефициенти на искористеност (К) и Проценти на изграденост на земјиштето (Р).

Во графичките прилози означени се градежните линии со детално котирање на растојанијата до границите на градежните парцели и до регулационата линија, согласно член 99, 100 и 101 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површината од градежно земјиште односно делот од градежната парцела кој се предвидува за градење на градба. Површина за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежна линија.

Оградувањето на градежната парцела дефинирани со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино, ќе биде во согласност со член 113 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Во урбанистички проект процентот се движи до 42,76%. Во процентот на изградеността не влегуваат површините на подземните градби.

Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во

пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

Истиот, согласно предвидената површина за градење во овој урбанистички проект изнесува 0,86.

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела, односно од страната на сообраќајниот пристап.

Се дозволува градење под земја во граници на градежната парцела, дефинирана со урбанистичкиот проект, со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба.

Паркирањето ќе се решава во рамките на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ “бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Наменска употреба на земјиште

Со урбанистичкиот проект намената на земјиштето се дефинира во рамките на група на класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади. Предвидени се компатибилни намени Б1 – мали комерцијални и деловни намени, Б2 – големи трговски единици, Б4 – деловни простори, Д2 – заштитно зеленило, Г3 - сервиси, Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија.

Сообраќај

Пристап до парцелата е обезбеден од новопроектирана пристапна улица од југо-западната страна. Потребата од паркинг простор се решава во рамките на градежните парцели.

Водовод и канализација

Во рамки на проектниот опфат не постои изведен водовод. Водоснабдувањето на локалитетот ќе реши со изградба на водовод до градската приклучна мрежа.

Електро-енергетска мрежа

За конкретните услови за обезбедување приклучок на електричната мрежа на новопредвидениот објект, ќе биде неопходно да се добие посебна електро-енергетска согласност од надлежното претпријатие. Приклучокот на телекомуникациска инфраструктура ќе се изврши врз основа на условите кои ќе бидат издадени од надлежното претпријатие.

3.2 Посебни услови за градење

Во градежната парцела, која е со вкупна површина од **2139,97 м^2** , предвидена е максимална површина за градба од **915м^2** и вкупна изградена површна на сите катови од **1830 м^2**. Процентот на изграденост е **42.76%**, а коефициентот на искористеност **0,86**.

Класа на намена: Г4 – Стоваришта, складови и отпади , предвидени се компатабилни класи на намена Б1 – мали комерцијални и деловни намени, Б2 – големи трговски единици, Б4 – деловни простори, Д2 – заштитно зеленило, Г3 - сервиси, Г2 – лесна и незагадувачка индустрија со максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот 40%.

Предвидена е максимална висина од **10м** и катност **П+1**.

Потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во склоп на градежната парцела, утврдени согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ “бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Пристапот во градежната парцела е од Новопроектираната улица на југо-западната страна, според **Урбанистички проект (УП) вон плански опфат за линиска инфраструктурна градба (локален пат за приклучок на ул. 4 до Регионален пат Р 1103), КО Неготино, Општина Неготино**.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

4.1 Мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Влез во предвидената градежна парцела е обезбеден од југо-западната страна, од каде се обезбедени и услови за пристап на противпожарни возила. При планирањето почитуван е Законот за заштита и спасување, како и Законот за пожарникарство. Инвеститорот е должен во постапката на добивање одобрение за градење да достави елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за ЗПЕОМ.

4.2 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирањето на просторот. Во Просторниот план на Република Македонија е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на улиците, врз основа на што е изработено и планираното решение. Според постојните анализи и добиените резултати за сеизмичност на месното подрачје според очекуваните дејности на земјотреси во иднина, основен степен на сеизмички итензитет во подрачјето изнесува 8^o по МЦС. Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економскотехнички критериуми за

прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите. За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбите да се градат според параметрите и критериумите за сеизмичка градба. Во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, планираното решение на уличната мрежа обезбедува: - брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла) - брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила - непречена интервенција - штетите да се сведат на минимум - брза санација на последиците.

4.3. Мерки за заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата. При изработката на проектната документација за изградба на објектите да се предвидат потребните технички мерки за заштита од поплави како што се: Нивелирање на партерните површини во рамките на парцелата со падови кои ќе овозможат непречено одведување на атмосферските води. Поставување масивни оградни зидови кои ќе спречат продор на поројни води во локацијата, како и други технички мерки по согледување на проектантите а во согласност со важечките технички прописи.

4.4 Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на урбанистичката проектна документација, со оглед на конфигурацијата на теренот не се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, но доколку е потребно да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања. Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.

Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

4.5 Заштита на животна средина (загадување)

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина. Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина. Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ. Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и т.н. Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, .83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области: Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на урбанистичкиот проект, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животната средина и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон. Исто така

потребно е да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот. Планирање на современа инфраструктура и нови технологии.

4.5.1 Заштита на почвата и подземните води

Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација. Фекалните отпадни води преку затворен систем на канализациони цевки ќе се одведуваат во предвидената фекална канализација. Атмосферските води од поплочаните партерни површини и од објектите преку затворен систем на атмосферска канализација ќе се одведуваат во попивателни бунари со претходнен нивен третман во сепаратори на масти за нивно пречистување до потребниот степен на чистота.

4.5.2 Заштита од бучава

Емисијата на бучава кон околината треба да биде во рамките на пропишаните гранични вредности. Прашањето за намалување на проблемите на бучавата треба да се решава со обезбедување на заштитен зелен појас по должина на сообраќајниците и формирање на зелени коридори.

4.5.3 Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во комплексот. За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

4.6 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04 и 81/07) и Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ “бр.29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

4.6.1 Заштита од природни и технолошки хаварии

Врз основа на загрозеноста на регионот од природни катастрофи, елементарни непогоди и технички хаварии може да настане повредливост на просторот на локалитетот и неговите физички структури. Повредливоста на просторот се одразува на објектите и нивната околина.

4.7 Обезбедување на пристапност за лица со инвалидност

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат истите одредби од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ “бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17, 225/20, 219/21 и 104/22). При изградба на нови објекти и содржини во просторот се пременуваат мерките за спечување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на лица со инвалидитет.

Површината за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со контируирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмалку 8,33%. Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистчки план треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12. Рампата мора да е за двосмерно движење на лица со колички при што нејзината најмала ширина треба да е 1,65м, а оптимална 1,8м.

Б. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ: ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Број на градежна парцела	Основна класа на намена	Група класа на намена	Компатабилни класи на намена во однос на основната класа на намена	Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот	Површина на градежна парцела м^2	Површина за градење м^2	Развиена површина по катови (м^2)	Максимална висина	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност	Паркирање
1	Г	Г4	Б1, Б2, Б4, Д2, Г3, Г2	40%	2139,97	915	1830	10	П+1	42,76	0,86	Согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)
ВКУПНО					**2139,97**	**915**	**1830**			**42,76**	**0,86**	

	СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	Постојна состојба	Планирана состојба
1	Проектен опфат (м^2)	2139,97	2139,97
2	Неизградено земјиште	2139,97	1224,97
3	Г4 – Стоваришта, складови и отпади	/	915
4	Број на градежни парцели	/	1
5	Површина на приземје (м^2)	/	915
6	Развиена површина по катови (м^2)	/	1830
7	Процент на изграденост	/	42,76%
8	Коефициент на искористеност	/	0,86

В. ГРАФИЧКИ ДЕЛ: ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА


Г.П.О.
Р.Л.
Г.Г.П.
4209
3926
3927/1
3927/2
3886
3885
9569
Г.Л.
П+1
Н=10м
Г4
Г.Г.П.=Г.П.О.=Р.Л.
Г.Л.=Г.Г.П.=Г.П.О.=Р.Л.
П.Г.Л.
8.5
6
24
22.5
1
2
3
4
5
6
7
8
9
10
11
12
13
14
15
16
17
18
19
20
21
22
23
24
25
26
27
28
29
30
31
32
33
34
35
36
37
38
39
40



ЛЕГЕНДА:

- Г.П.О. — ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- 1.1 — НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Р.Л. — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- Г.Г.П. — ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- Г.Л. — ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА НА ГРАДБИ
- ЕЛЕМЕНТИ НА УЛИЧНА МРЕЖА
- ОСОВИНА НА УЛИЦА
- П+1 — КАТНОСТ НА ГРАДБАТА
- Н=10м — МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДБАТА ДО ВЕНЕЦ
- 289.80 — НИВЕЛМАНСКА КОТА НА УЛИЦА
- 1.25% — ПРОЕКТИРАН ПАД

КЛАСИ НА НАМЕНИ:

- **Е** - инфраструктура
- Е1- комунална инфраструктура - сообраќајници
- Г4 – Стоваришта, складови и отпади

ПРЕСЕК 1-1
Новопроектиран пат

ПРЕСЕК 2-2
Новопроектиран пат

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ
П А Р А М Е Т А Р
лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Димовски Јордан

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ - АНДОВ д.и.а. 0.0583

СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ СО НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН

соработници:
Игор Сугарчев диа.
Сашо Андријевски миа.
Тијана Стојковска миа.
Димитар Стефановски миа.
Милош Андоновиќ арх.
Иван Тодоровски арх.

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ - АНДОВ**

тех.број
04-239/2022

РАЗМЕР: 1:500
ДАТУМ: СКОПЈЕ, МАЈ 2024

лист број **2**


4209
3926
3927/1
3927/2
3886
3885
9569
Г4
H=10m
П+1
Г.Г.П.=Г.П.О.=Р.Л.
Г.Л.
П.Г.Л.
Г.Л.=Г.П.О.=Р.Л.
Г.Г.П.=Г.Л.=Г.П.О.=Р.Л.
далековод низок напон - нефункционален
шахта
новопроектиран пат
вентил
вентил
вентил



ЛЕГЕНДА:

Г.П.О. - ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

1 - БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

РЛ - РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГГП - ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ГЛ - ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА НА ГРАДБИ

- СООБРАЌАЈНИЦИ

1.25% Проектиран пад

713.00 Висинска кота

ОРАБОТКА НА ПАРТЕР:

Асфалт

Зеленило

Поплочена површина

КЛАСИ НА НАМЕНИ:

Е - инфраструктура
Е1- комунална инфраструктура - сообраќајници

Г4 – Стоваришта, складови и отпади

Број на градежна парцела	Група класа на намена	Површина на градежна парцела м²	Површина за градење м²	Површина за паркирање м²	Површина под асфалт м²	Поплочена површина м2	Зеленило	Процент на зеленило
1	Г4	2139.97	915	50	554,83	120,74	549,4	25,67%

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ

П А Р А М Е Т А Р

лиценца бр. 0080

изработувач:
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ, ГРАДБА И КОНСАЛТИНГ "ПАРАМЕТАР" ДООЕЛ - СКОПЈЕ

нарачател:
Димовски Јордан

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино

планер потписник:
МЕТОДИ ХАЏИ - АНДОВ д.и.а. 0.0583

ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ

соработници:
Игор Сугарчев диа.
Сашо Андријевски миа.
Тијана Стојковска миа.
Димитар Стефановски миа.
Милош Андоновиќ арх.
Иван Тодоровски арх.

управител: **МЕТОДИ ХАЏИ - АНДОВ**

тех.број 04-239/2022

РАЗМЕР: 1:500
ДАТУМ: СКОПЈЕ, МАЈ 2024

лист број **5**


4209
3926
3927/1
3927/2
3886
3885
9569
Г4
H=10m
П+1
Г.Г.П.=Г.П.О.=Р.Л.
Г.Л.
Г.Л.=Г.Г.П.=Г.П.О.=Р.Л.
П.Г.Л.
Г.П.О.=Р.Л.
Г.Л.
ГГП
ГЛ
8.5
8.5
15
6.1
24
22.5
3
Далековод низок напон - нефункционален
Далековод низок напон - нефункционален
Шахта
Новопроектиран пат
Новопроектиран пат
Јавен пат
Јавен пат
Бензинска пумпа
Бензинска пумпа
Бензинска пумпа

Идеен Проект

ПАРАМЕТАР ДООЕЛ - Скопје

ИНВЕСТИТОР **Димовски Јордан**

ОБЈЕКТ Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино

МЕСТО КО Неготино, Општина Неготино

ПРОЕКТ ИДЕЕН ПРОЕКТ
АРХИТЕКТУРА

ПРОЕКТАНТ МЕТОДИ ХАЏИ - АНДОВ д.и.а.

СОРАБОТНИЦИ
Димитар Стефановски миа
Игор Сугарчев миа
Милош Андоновиќ арх
Тијана Стојковска миа
Сашо Андријевски миа
Иван Тодоровски арх

ТЕХ. БРОЈ 04-239/2022

СКОПЈЕ,
05.2024

Управител :
Методи Хаџи - Андов д.и.а.

СОДРЖИНА НА ПРОЕКТ

ОПШТ ДЕЛ

- РЕГИСТРАЦИЈА НА ФИРМА
- ЛИЦЕНЦА НА ФИРМА
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ
- ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРОЕКТАНТ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- ТЕХНИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

01	СИТУАЦИЈА	М=1:500
02	ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ	М=1:100
03	ОСНОВА НА КАТ	М=1:100
04	ПРЕСЕК 1-1	М=1:100
05	ПРЕСЕК 2-2	М=1:100
06	ИЗГЛЕДИ	М=1:100

Број: 0809-50/150020240008699

Датум и време: 11.1.2024 г. 09:39

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6736939
Назив:	Трговско друштво за Проектирање Инженеринг Градба и Консалтинг ПАРАМЕТАР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Седиште:	МАЈКА ТЕРЕЗА бр.18-1/1 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација

Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/A446CB2CA940AE7E80E47A4DFC1DBA8337ADF8568C7E1B9F9A0F4072F595AD42

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 38 став (1) и член 16 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 39/12,144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16 и 71/16), Министерство за транспорт и врски издава:

ЛИЦЕНЦА А
ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

НА

Трговско друштво за Проектирање Инженеринг Градба и Консалтинг ПАРАМЕТАР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул.МАЈКА ТЕРЕЗА бр.18-1/1 СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, ЦЕНТАР, ЕМБС:6736939

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **04.04.2025 година**

Број: **П.384/А**

04.04.2018 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

Р Е Ш Е Н И Е

ОД ПАРАМЕТАР - СКОПЈЕ

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ФАЗА АРХИТЕКТУРА ЗА:

Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино

ТЕХ. БР. 04-239/22

ИНВЕСТИТОР: **Димовски Јордан**

ОДГОВОРЕН ПРОЕКТАНТ: **Методи Хаџи-Андов дипл.инж.арх.**

Овластување број: 1.0291

Управител:

Методи Хаџи - Андов диа

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 277/2022 и 111/2023), Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ А

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од

АРХИТЕКТУРА

на

МЕТОДИ ХАЏИ АНДОВ

дипломиран инженер архитект (NQF VII$_1$)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи 28.12.2028 год.

Број: 1.0291

Издадено на: 29.12.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл.инж.арх.

Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино

ТЕХНИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ИДЕЕН ПРОЕКТ - АРХИТЕКТУРА

Мај, 2024

Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино

1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

ИНВЕСТИТОР: Димовски Јордан

ОБЈЕКТ: Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино

ЛОКАЦИЈА: КП 3927/1 Ко Неготино, Општина Неготино

КАТНОСТ: П+1

НАМЕНА: Г4 - Стоваришта, складови и отпади

Мај, 2024

Зададени параметри согласно Урбанистички

Проект: - Класа на намена : **Г4**

- Површина на градежна парцела: **2139,97 м^2**
- Површина за градење: **915 м^2**
- Вкупна површина по катови: **1830 м^2**
- максимална катност : **П+1**
- максимална висина : **10 м**
- процент на изграденост: **42,76%**
- коефициент на искористеност : **0,86**

Добиени параметри согласно Идеен Проект :

- Класа на намена : **Г4**
- Површина на градежна парцела: **2139,97 м^2**
- Површина за градење: **915 м^2**
- Вкупна површина по катови: **1830 м^2**
- максимална катност : **П+1**
- максимална висина : **10 м**
- процент на изграденост: **42,76%**
- коефициент на искористеност : **0,86**
- обезбедени паркинг места: 4 паркинг места

1. КОНЦЕПЦИЈА И ФУНКЦИЈА

За потребите на инвеститорот **Димовски Јордан** се предвидува изградба на индустриски објект на градежна парцела со основна класа на намена Г4- Стоваришта, складови и отпади.

Урбанистичкото и сообраќајното решение е веќе истрасирано со **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади на дел од КП 3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино.** Градежната парцела има речиси правоаголна форма со подолга оска во правец североисток – југозапад и пократка со правец северозапад – југоисток. Површината за градба има исто правилна правоаголна форма. Објектот се развива на приземје и кат.

2. АРХИТЕКТОНСКО - ФУНКЦИОНАЛНО РЕШЕНИЕ

Во рамки на градежната парцела е предвидена изградба на индустриски објект со намена Г4. Објектот е предвиден според Урбанистичкиот проект како магацински простор, складиште заедно со деловен простор. Објектот е составен од два сегменти – едниот поголем кој се развива на два ката и е предвиден како магацински простор, а другиот исто така на два ката кој е предвиден како деловен простор. И двата дела се целосно независни со свои посебни влезови, вертикални комуникации и санитарии, меѓусебно поврзани на приземје.

Во рамки на градежната парцела се предвидени четири паркинг места. Пристапот за автомобили е од југо-западната страна каде се предвидени и влезовите во објектот каде ќе се одвива складирањето. Приземното ниво на кота 0,00, а катот е на ниво +3,40. Во рамки на приземјето и катот се предвидени овие површини. Површините на просториите се следните:

ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ		
БР.	ПРВА ФАЗА	[illegible]
1	СКАЛИЩЕН ПРОСТОР	18.3
2	ДЕЛОВЕН ПРОСТОР	231.7
3	ТОАЛЕТ	2.4
4	ТОАЛЕТ	2.4
5	ОСТАВА	2.4
6	ОСТАВА	3.1
7	ТОАЛЕТ	2.4
8	ТОАЛЕТ	2.4
9	МАГАЦИН	594.5
	ВКУПНО	859.6
	НЕТО ВКУПНО	1036
	БРУТО ВКУПНО	1082.5

ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ		
БР.	ПРВА ФАЗА	[illegible]
1	СКАЛИ	7.0
2	ВЛЕЗ	2.0
3	ДЕЛОВЕН ПРОСТОР	241.6
4	ТОАЛЕТ	2.4
5	ТОАЛЕТ	2.4
6	ОСТАВА	2.4
7	ТОАЛЕТ	2.4
8	ТОАЛЕТ	2.4
9	МАГАЦИН	597.6
	ВКУПНО	860.2
	НЕТО ВКУПНО	1036
	БРУТО ВКУПНО	1082.5

3. КОНСТРУКЦИЈА:

Објектот претставува армирано бетонска конструкција со катност Пр+1. Конструкцијата е составена од АБ греди и столбови во двата ортогонални правци и е со габаритни димензии на приземје 60.00м x 14.90м.

Вертикалната комуникација се остварува преку еднокраки АБ скали. Сите носиви бетонски елементи се со марка бетон МБ30, арматурата е ребреста со квалитет РА 400/500-2.

Конструкцијата на објектот е скелетна, составена од армирано бетонски плочи, армирано бетонски столбови, армирано бетонски греди и едно армирано бетонски платна.

Статичката пресметка и димензионирањето на конструкцијата е во согласност со прописите според

- Важечки стандарди и прописи по правилникот за сеизмика – ПИОВСП (52/90);
- Привремени технички прописи за товари кај зградите ПТП 2;
- Правилник за техничките нормативи за темелење на градежни објекти;
- Користени се насоки од Еврокодовите;
- Важечки сеизмолошки карти од Р. Македонија;

4. SИДОВИ:

Фасадните sидови ке бидат изведени од керамички термо блокови со д=25см и термоизолациона демит фасада со д=10см завршно обработена.

Внатрешните sидови се изведени од керамички блокови со д=12см или д=20 см двострано малтерисувани со продолжен малтер во два слоја со претходно прскање со цементно млеко. Sидовите во санитариите ке бидат малтерисувани со цементен малтер во два слоја со предходно прскање на цементно млеко, хидроизлоирани и завршно обработени со керамички плочки.

5. ПОДОВИ:

Подовите се решени во зависност од функцијата на просторијата. Подовите на приземјето е составен од А.Б. плоча со д=15 см, посен бетон д=8cm и завршна обработка од керамички плочки во зависност од фукнцијата на просторијата. Во сите санитарии во објектот цементната кошулка е изведена со пад д=4-7 cm и има хидроизолација на цементна основа.

6. КРОВ:

Покривањето на објектот ќе биде со дрвени решетки поставена на АБ греди, над кои ќе бидат поставена оплата од даски, летви во еден правец и трапезаст лим.

7. СПУШТЕНИ ПЛАФОНИ:

Спуштен плафон од Хантер Даглас поставен на соодветна метална подконструкција и монтиран без фуги, е предвиден во сите санитарии. Спуштен

плафон од гипскартонски плочи со д=1.25см на метална подконструкција е предвиден во останатите простории.

8. НАДВОРЕШНА И ВНАТРЕШНА СТОЛАРИЈА:

Надворешната столарија на објектот е изработена од алуминиумски профили.

Внатрешната столарија е предвидена од полно дрво со медијапанска обработка и оков на производителот, опремена со брава и клучеви.

9. МАТЕРИЈАЛИ:

Сите предвидени материјали да се во склад со важечките технички прописи и нормативи за ваков тип на објекти, трајни, естетски издржани и достапни на пазарот.

ПАРАМЕТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ				ГРАДБА	Изнем проект за индустриски објект на градежна парцела ГП2 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отворени на дел од КП 3927/1, Ко Нерези, Општина Петровец
лиценца бр. П.384/А				ИНВЕСТИТОР	Верка Серафимовска
ВИД НА ПРОЕКТ	АРХИТЕКТОНСКИ	А		УПРАВИТЕЛ	Методи Хаџи-Андов дипл
ЦРТЕЖ	СИТУАЦИЈА			ПРОЕКТАНТ	Методи Хаџи-Андов дипл
ДАТА 05/2024	М=1:500	БР. ЦРТЕЖ	1	СОРАБОТНИЦИ	Дејан Стефановски маш Ивица Ристовски маш Филип Андоновиќ арх Горан Стојановиќ маш Ивица Ристовски маш Ивица Трајковски арх
				ТЕХ. БРОЈ	0 4 - 233 / 2 2



ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ		
БР.	ПРВА ФАЗА	П=m^2
1	СКАЛИШЕН ПРОСТОР	18.3
2	ДЕЛОВЕН ПРОСТОР	231.7
3	ТОАЛЕТ	2.4
4	ТОАЛЕТ	2.4
5	ОСТАВА	2.4
6	ОСТАВА	3.1
7	ТОАЛЕТ	2.4
8	ТОАЛЕТ	2.4
9	МАГАЦИН	594.5
	ВКУПНО	859.6
	НЕТО ВКУПНО	1036
	БРУТО ВКУПНО	1082.5

ПАРАМЕТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ			
лиценца бр. П.384/А			
ВИД НА ПРОЕКТ	АРХИТЕКТОНСКИ		А
ЦРТЕЖ	ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ		
ДАТА 05/2024	М=1:100	БР. ЦРТЕЖ	01

ГРАДБА	Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади иди на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино							
ИНВЕСТИТОР	Јордан Димовски							
УПРАВИТЕЛ	Методи Хаџи-Андов дипл							
ПРОЕКТАНТ	Методи Хаџи-Андов дипл							
СОРАБОТНИЦИ	Димитар Стефановски маш Игор Ристовски маш Методи Андоновски арх Тијана Стојановска маш Сашо Андријевски маш Иван Тодоровски арх							
ТЕХ. БРОЈ	0	4	-	239	/	2	2	



ОСНОВА НА ПРИЗЕМЈЕ		
БР.	ПРВА ФАЗА	П=m^2
1	СКАЛИ	7.0
2	ВЛЕЗ	2.0
3	ДЕЛОВЕН ПРОСТОР	241.6
4	ТОАЛЕТ	2.4
5	ТОАЛЕТ	2.4
6	ОСТАВА	2.4
7	ТОАЛЕТ	2.4
8	ТОАЛЕТ	2.4
9	МАГАЦИН	597.6
	ВКУПНО	860.2
	НЕТО ВКУПНО	1036
	БРУТО ВКУПНО	1082.5

ПАРАМЕТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ			
лиценца бр. П.384/А			
ВИД НА ПРОЕКТ	АРХИТЕКТОНСКИ		А
ЦРТЕЖ	ОСНОВА НА ПРВ КАТ		
ДАТА 05/2024	М=1:100	БР. ЦРТЕЖ	02

ГРАДБА	Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади иди на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино						
ИНВЕСТИТОР	Јордан Димовски						
УПРАВИТЕЛ	Методи Хаџи-Андов дипл						
ПРОЕКТАНТ	Методи Хаџи-Андов дипл						
СОРАБОТНИЦИ	Димитар Стефановски маш Игор Ристовски маш Методи Андоновски арх Тијана Стојановска маш Сашо Андријевски маш Иван Тодоровски арх						
ТЕХ. БРОЈ	0	4	-	239	/	2	2



ПАРАМЕТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ

лиценца бр. П.384/А

ВИД НА ПРОЕКТ	АРХИТЕКТОНСКИ		A
ЦРТЕЖ	ПРЕСЕК 1-1		
ДАТА 05/2024	М=1:100	БР. ЦРТЕЖ	03

ГРАДБА	Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино
ИНВЕСТИТОР	Јордан Димовски
УПРАВИТЕЛ	Методи Хаџи-Андов диа
ПРОЕКТАНТ	Методи Хаџи-Андов диа
СОРАБОТНИЦИ	Димитар Стефановски мма Игор Сугарчев диа Милош Андоновиќ арх Тијана Стојковска мма Сашо Андреевски мма Иван Тодоровски арх
ТЕХ. БРОЈ	0 4 - 239 / 2 2



ПАРАМЕТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ			
лиценца бр. П.384/А			
ВИД НА ПРОЕКТ	АРХИТЕКТОНСКИ		А
ЦРТЕЖ	ПРЕСЕК 2-2		
ДАТА 05/2024	М=1:100	БР. ЦРТЕЖ	04

ГРАДБА	Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино						
ИНВЕСТИТОР	Јордан Димовски						
УПРАВИТЕЛ	Методи Хаџи-Андов диа						
ПРОЕКТАНТ	Методи Хаџи-Андов диа						
СОРАБОТНИЦИ	Димитар Стефановски миа Игор Сугарчев диа Милош Андоновиќ арх Тијана Стојковска миа Сашо Андријевски миа Иван Тодоровски арх						
ТЕХ. БРОЈ	0	4	-	239	/	2	2



СЕВЕРО-ИСТОЧЕН ИЗГЛЕД



СЕВЕРО-ЗАПАДЕН ИЗГЛЕД



ЈУГО-ИСТОЧЕН ИЗГЛЕД

ПАРАМЕТАР ДООЕЛ СКОПЈЕ

лиценца бр. П.384/А

ВИД НА ПРОЕКТ	АРХИТЕКТОНСКИ		А
ЦРТЕЖ	ИЗГЛЕДИ		
ДАТА 05/2024	М=1:100	БР. ЦРТЕЖ	05

ГРАДБА	Идеен проект за индустриски објект на градежна парцела ГП1 со основна класа на намена Г4 - Стоваришта, складови и отпади на дел од КП3927/1, Ко Неготино, Општина Неготино							
ИНВЕСТИТОР	Јордан Димовски							
УПРАВИТЕЛ	Методи Хаџи-Андов диа							
ПРОЕКТАНТ	Методи Хаџи-Андов диа							
СОРАБОТНИЦИ	Димитар Стефановски мма Игор Сугарчев диа Милош Андоновиќ арх Тијана Стојковска мма Сашо Андријевски мма Иван Тодоровски арх							
ТЕХ. БРОЈ	0	4	-	239	/	2	2	